www.eltam.org.mk

Повик за наставниците по англиски јазик
од државните основни и средни училишта во Македонија

# Приклучете се во Македонската менторска мрежа (МММ) и развивајте се како ментор на наставници и студенти по англиски јазик!

**Што е Македонската менторска мрежа (МММ)?** - На почетокот, МММ беше група од 10-ина наставници по англиски јазик од основното или од средното образование, којашто со проектот од 2024 година прерасна во група од 45 ментори на наставници и студенти по англиски јазик. Проектот го финансираше британската асоцијација А. С. Хорнби, а беше поддржан од Филолошкиот факлутет „Блаже Конески“. Во публикацијата што произлезе од проектот можете да прочитате за проектните искуства на учесниците. А. С. Хорнби одобри продолжение на проектот за проширување на МММ и во текот на 2025 година.

**За каков проект се работи?** - Со проектот од 2024 година, МММ формално да прерасна во посебна група (Special Interest Group) во рамки на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик ЕЛТАМ МК. Оваа група е замислена како форум за професионален развој на менторите преку размена на локална стручност и развој на соодветни менторски вештини. На овој начин се дава друштвен карактер на менторирањето како возбудлива форма на професионален развој за наставниците. Групата служи и како моќен извор за мотивација за наставниците и за унапредување на професијата. Со продолжувањето на проектот, целта групата да се консолидира и да се прошири во текот на 2025 година, на тој начин што постоечките ментори би менторирале нови колеги и студенти по настава.

**Од што се состои проектот?** - Во рамки на проектот, предвидени се четири средби (во живо и онлајн) на групата МММ во 2025 година со времетраење од 4-5 часа. Средбите ќе служат за размена на менторски искуства и развивање на менторските вештини на наставниците користејќи ја методологијата на Малдерез (2024). Помеѓу средбите, наставниците ќе практикуваат менторирање, работејќи со студенти по настава и со колеги наставници. Во текот на целиот проект, учесниците ќе имаат пристап до апликацијата Noticing, добитник на наградата на Британскиот совет ELTons 2024, за иновација во користењето на дигиталната технологија.

**Кој сè може да се пријави за учество во проектот?**

www.eltam.org.mk

Сите наставници по англиски јазик од државните основни и средни училишта во Македонија со минимум наставно искуство од 2 години.

**Што добивате од учеството во проектот?**

- Индивидуално годишно членство во ЕЛТАМ МК
- Покриени патни трошоци за присуство на средбите
- Оброк и пијалаци на средбите
- Потврда за учество во проектот
- Пристап до апликацијата Noticing
- Возбудлив професионален развој
- Нови професионални пријателства и вмрежувања
- Подобрена мотивација за работа.

**Како да се пријавите?**

Пополнете го овој кус формулар (5-10 минути) најдоцна до **5-ти февруари 2025 (среда)**: https://forms.gle/QKzw7p36QmdTPMNCA

Доколку имате какви било прашања, слободно обратете се на една од ко-коориnаторките на проектот:

- Елена Ончевска Агер: elena.oncevska@flf.ukim.edu.mk
- Мирослава Павлова-Аневска: miroslavapavlova@yahoo.com
- Емилија Стојановска: emce46@hotmail.com